### ЗА ПРЕТСТОЈНОТО БИЕНАЛЕ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ ВО ВЕНЕЦИЈА

# „Даут пашин амам“ носител на проектот на Бошков

Уметничката галерија „Даут Пашин Амам“ – Скопје ќе биде институцијата-носител на проектот „Крајот на векот“ од ликовниот уметник Петар Хаџи Бошков, со кој, под кураторство на Сузана Милевска, историчарка на уметноста во Музејот на град Скопје, Република Македонија ќе се претстави на годинашното 48-мо по ред Венецијанско биенале на ликовни уметности.

Ова вчера ни го изјави Петар Хаџи Бошков, кој потврди и дека веќе се остварени првичните контакти со организаторите на Венецијанското биенале, и во текот на овој месец, ќе треба да се одреди и отворениот простор каде ќе биде инсталирано делото на Бошков, оти Македонија нема свој национален павилјон. Ова е трето учество на Република Македонија на Венецијанското биенале, а галеријата „Даут Пашин амам“ беше носител на проектот и пред две години.

– Мојот концепт е една купола, шлем, како симбол на 20. век во кој е сместена една скулптура, а во позадината ќе биде проектиран видео-материјал кој ги сублимира мојот живот и моето творештво во контекст на балканските збиднувања во овој век – ни изјави Бошков.

Министерството за култура кое е финансиер на избраниот проект не го ограничи авторот во изборот на институцијата-носител, оти проектот на Бошков е индивидуален. Во некаква глобална, првична проценка за цената за чинење на проектот на Хаџи Бошков се калкулира со 4 милиони денари.

В. Ш.